Испраќање

Бенхамин Мигел Чапаро ги запира чекорите и решава дека нема да отиде. Нема да отиде и точка. По ѓаволите нека одат сите. Иако го вети спротивното, иако го подготвуваа испраќањето веќе три недели, па имаа резервирано маса за дваесет и двајца во Ел Кандил, и иако Бенитез и Мачадо потврдија дека ќе дојдат до крајот на светот за да го прослават пензионирањето на диносаурусот.

Гестот му е толку ненадеен што човекот кој одеше зад него по Талкауано и покрај Кориентес речиси се удира во него и одвај успева да го одбегне спуштајќи ја ногата на патеката на тротоарот за да продолжи да оди. Чапаро ги мрази тие тесни, бучни и мрачни патеки. Веќе четириесет години оди по нив, но знае дека од понеделник нема да му недостасуваат. Ниту патеките ниту толку многу други работи во овој град кој никогаш не го чувствувал како свој.

Не смее да ги изневери. Мора да отиде. Макар поради тоа што Мачадо доаѓа специјално од Ломас де Замора, со сите негови жалби за трошоците. Исто и Бенитез. Иако патувањето од Палермо до Трибуналес[1] не е толку долго, кутриот човек е навистина прилично исцрпен. Но, Чапаро не сака да оди. Не е сигурен во многу работи, но оваа дефинитивно е од малкуте исклучоци.

Се погледнува во излогот на една книжарница. Висок. Обелен. Орелски нос, издолжено лице. „Да му се сневиди“, мора да заклучи. Внимателно го испитува одразот на сопствените очи во излогот. Една девојка од младоста го тормозеше поради неговата манија да се огледува во излозите. Ниту нејзе, ниту на ниедна друга жена која имаше поминато низ неговиот живот, Чапаро не ѝ ја призна вистината: негова-

[1] Трибуналес – комплекс од судски институции во Буенос Аирес.

та навика да се гледа во огледала нема никаква врска со тоа што се сака и си се допаѓа самиот себеси. Ни помалку ни повеќе, отсекогаш имал намера да научи кој кур е тој самиот.

Помислата на тоа уште повеќе го има растажено. Продолжува одново да оди, како со движење да може да се ослободи од парчињата од новава додатна тага. Се гледа од излог во излог додека се движи полека по оваа патека што не разликува ден и ноќ. Преминувајќи ја улицата, веќе го забележува знакот на Ел Кандил на левата страна. Погледнува на часовникот: петнаесет до два. Треба да се таму скоро сите. Самиот тој ги има пратено тие од Секретаријатот во еден и дваесет за да не мора да брзаат. Не беа на смена сè до наредниот месец и веќе беа при крај со случаите од претходниот период. Чапаро беше задоволен. Добри деца се. Работат добро. Учат брзо. Следната помисла му беше „Ќе ми недостасуваат“, и бидејќи Чапаро не сака непријатно да се завива во носталгија повторно подзастанува. Овојпат нема никој одзади за да се удри во него: оние кои одат во неговата насока имаат време да го заобиколат овој стар човек, со сино спортско сако и сиви панталони, кој сега се гледа во излогот на еден киоск.

Се врти. Нема да оди. Дефинитивно нема да оди. Можеби ако побрза ќе може да ја затекне докторката пред да стигне на испраќањето затоа што се задржа завршувајќи едно притворање. Не е првпат да му дојде на ум таа идеја, но првпат му е да ја добие скромната храброст која му е потребна за да ја изврши. Или можеби едноставно другата варијанта, да остане на своето испраќање, е пекол на кој не е подготвен да се подложи. Да седне на чело на масата? Со Бенитез и Мачадо покрај него, заедно формирајќи трио на достоинствени мумии? Да го слушне класичното бедно прашање на Алварес: „Сакате ли да ја делиме сметката?“, за да нарача квалитетно вино кое мисли да си го тргне настрана? Лаура да прашува половина свет кој сака да дели порција канелони, за да не ја прекрши премногу диетата која само што ја почнала претходниот понеделник? Варела педантно да почне со оние меланхолични испади кои го тераат меѓу шмркања да се пре-

грнува со пријатели, познаници и келнери? Тие кошмарни слики му го забрзуваат чекорот. Оди нагоре по скалите на Талкауано. Сè уште ја немаат затворено главната врата. Се качува во првиот лифт што го здогледува. Нема потреба да му каже на опслужувачот на лифтот дека оди на петтиот кат, бидејќи во Палатата го познаваат и камењата.

Напредува со цврст чекор, правејќи врева со ѓонираните мокасини по црните и белите плочки на ходникот кој оди паралелно со улицата Тукуман сè до високата и тесна врата на неговиот Секретаријат. Се задржува со умот на присвојната заменка „негов“. Да, токму така. Негов е, многу повеќе отколку на секретарот Гарсија, или кој и да е од другите секретари пред Гарсија, или кој и да е од оние по него.

Додека ја отвора вратата, огромното купче клучеви ѕвечка во тишината на празниот ходник. Ја затвора со сигурна сила за да ѝ даде на знаење на судијката дека некој влегол во канцеларијата. Момент: зошто „судијката“? Затоа што тоа и е, секако, но зошто не Ирене? Бидејќи не може, токму поради тоа. Како да нема веќе премногу да бара, па и уште да го додаде проблемот за тоа дали да ја прашува Ирене или едноставно докторката Орнос.

Тивко тропнува двапати и ја слуша како вели: „Напред“. Кога ја отвора вратата, таа се изненадува и го прашува што прави уште таму, зошто не е веќе во ресторанот. Всушност, го прашува „што правиш овде?“ и „како тоа да не си во ресторанот?“, што не е исто. Но, Чапаро сака да одбегне да се заплеткува со прашањето за обраќањето на „ти“, бидејќи тоа знае, исто така, да биде извор на вознемирување што може да ја потопи во неуспех најавената намера да го побара она за што се реши по улицата Талкауано до Кориентес. Го обесхрабрува тоа што пред оваа жена му се создава толку немир, но Чапаро се доведува во краен ред за да пресече дека, вака или онака, дефинитивно, тотално и апсолутно, мора да прекине со тоа што ќе се убеди, ќе престане да се заебава и веќе еднаш засекогаш ќе ја побара онаа работа за којашто е дојден. „Машината“, му избива така, без одлагање. Брутално, несреќно, животински. Никакви подготвителни суптилности.